# ЗАПИСНИК

Записник од одржаната Јавна расправа за спроведување на проектот:“Изградба на државен пат А2, делница Крива Паланка-Ранковце на ниво на експресен пат“, одржана на 09.10.2015 (петок) во општина Ранковце со почеток во 11.30- часот

На ден 09.10.2015 година, во општина Ранковце се одржа Јавна расправа по Студијата за оцена на влијание врз животната средина за проектот: “Изградба на државен пат А2, делница Крива Паланка-Ранковце на ниво на експресен пат“, Јавната расправа, која ја организира Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со инвеститорот – Јавно претпријатие за државни патишта во 11:30часот.

**Присутни:**

- Александар Петковски, Помошник раководител на Сектор за животна средина во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП);

- Сашо Илиќ, раководител на одделение за заштита од бучава во животната средина во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП);

- Борис Стипцаров, претставник од страна на „БИОС ПРО“;

-Ирена Стефановска, претставник од страна на ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др. ДОО.

-Ангел Мишковски, претставник од ДИВИ-Македонија;

-Јоже Јовановски, претставник од ЈПДП;

-Снежа Михајловски, општина Ранковце;

-Зоран Бецевски, општина Ранковце;

Јавната расправа се одвиваше по следниот Дневен ред:

1. **Отварање** - Јавната расправа ја отвори Александар Петковски, Помошник раководител на Сектор за животна средина во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање.По претставување на присутните (претставници од страна на Министерството за животна средина, инвеститорот-Јавно претпријатие за државни патишта, изработувачот на Проектот и изготвувачот на Студијата за ОВЖС ДИВИ-Македонија и ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др. ДОО.

2. **Презентација на студијата за оцена на влијанието врз животната средина**

Цел на проектот е изградба на државен пат А2, делница Крива Паланка-Ранковце на ниво на експресен пат.

Беше презентирана постапката за спроведување на оцена на влијание на проектот врз животната средина и можните влијанија од изградбата и експлоатацијата на патот.

Направена е анализа за можни влијанија од реализација на проектот и предложени се заштитни мерки за ублажување и компензација на потенцијалните негативни влијанија за кои инвеститорот се обврзува да ги почитува.

3. **Дискусија**

Бидејќи никој од присутните не се пријави за дискусија, јавната расправа ја затвори Александар Петковски во 12:30 часот.

Записничар:

Сашо Илиќ